МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Февруари 2012

БРОЈ 127

## Форум на граѓански организации од пограничнот регион Македонија - Албанија

МЦМС, во партнерство со ИДМ од Албанија и Дешат од Дебар на 23 и 24 март 2012 година во Домот на културата во општина Дебар ќе го организира Форумот на граѓански организации од пограничнот регион на Република Македонија и Република Албанија.

На Форумот можат да учествуваат: Граѓански организации: здруженија на граѓани и фондации, синдикати, стопански комори, организации на работодавачи и верски заедници; и Единици на локална самоуправа и локални институции (агенции, јавни претпријатија, училишта, универзитети и сл.).

Предност ќе имаат граѓанските организации, кои се регистрирани или дејствуваат во пограничните региони и тоа: Полог, Југозападна Македонија (Македонија) и Дибра и Елбасан (Албанија).

Форумот ќе се состои од изложбен дел, јавни дебати и социокултурни настани. Изложбениот простор ќе биде организиран преку штандови, постери и аудио-визуелни презентации. Се очекува да се претставaт околу 50 граѓански организации и други чинители од пограничниот регион.

На јавните дебати (панели, тркалезни маси) ќе се дискутира за повеќе прашања од заеднички интерес на граѓаните, граѓанските организации и другите чинители од пограничниот регион.

Со социокултурните настани ќе се промовираат културното и природното наследство и вредности на пограничниот регион.

Влезот за посетителите на Форумот е слободен. За граѓаните од регионите Полог и Југозападна Македонија ќе биде обезбеден бесплатен транспорт.

Повеќе информации за Форумот може да најдете во информацијата за настанот. Крајниот рок за пријавување е 29 февруари 2012 г. (среда).

Форумот е дел од проектот Прекуграничен форум на граѓанските организации што е финансиски поддржан од ЕУ.

## Колку се отворени државните институции

МЦМС на 23 февруари 2012 година организираше обуката на тема „Методологија за проценка на отвореноста на државните институции". Обуката беше наменета за претставници на граѓанските организации кои се активни во процесите на креирање политики и закони на национално ниво и кои имаат претходно искуство во јавно учество во процесот на подготовка на закони. Обуката ја водеше Тина Дивјак од Словенечкиот центар на невладини организации (ЦНВОС) од Љубљана.



*Тина Дивјак им ги пренесе искуствата од Словенија на учесниците на обуката*

На обуката учесниците се запознаа со методологијата за мерење на отвореноста на институциите во однос на вклучување на јавноста во процесите на подготовка на закони, со што беа опфатени индикаторите кои што ќе бидат мерени во рамките на проектот.

Учесниците дадоа и свој придонес во прилагодувањето на одредени индикатори кои што биле користени во анализата во Словенија со цел тие да бидат прилагодени на контекстот во Република Македонија.

За Миша Поповиќ од Институтот за демократија „Социетас Цивилис" од Скопје (ИДСЦС) обуката беше многу корисна бидејќи знаењата ќе може да ги примени и во тековниот проект на ИДСЦС кој се однесува на вклучување во процесите на креирање политики на локално ниво.

Обуката е дел од проектот „Огледало на Владата: учество на јавноста во процесите на подготовка на закони" кој е поддржан од Европската Унија од инструментот за човекови права и демократијата (ЕИДХР). Преку прилагодување на методологијата развиена од Словенечкиот центар на невладини организации (ЦНВОС) од Љубљана за проценка на отвореноста на владините институции, која успешно се спроведува во последните неколку години во Словенија, целта е да се зголеми соработка на граѓанските организации со органите на државната управа во процесите на креирање политики и подготовка на закони.

Проектот се спроведува во партнерство со Словенечкиот центар на невладини организации (ЦНВОС) од Љубљана и Балканска мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН).

## Механизација за почисто Чешиново-Облешево

Граѓаните на Чешиново-Облешево ги разрешија дилемите, гласаа и одлучија парите од проектниот фонд на Форумите во заедниците да ги наменат за купување на Специјална механизација за собирање, изнесување и депонирање на смет.

Вкупниот буџет на проектот изнесува 6.035.765 што го надминува буџетот на програмата. Имајќи ја предвид важноста на овој проект за целата општина, градоначалникот Јорданчо Лефков, во името на општината, се согласи да ги обезбеди дополнителните средства над проектниот фонд. На петтата форумска сесија што се одржа на 22 февруари 2012 година беше заокружен уште еден процес во кој граѓаните се вклучија во носењето на одлуките кои се од голема важност за подобрувањето на животот во нивните заедници.

Другите два проекти, кои заради ограничената на проектниот фонд не можат да се реализираат сега, граѓаните ги ставија на листата на препораки што му ја предадоа на градоначалникот Лефков. „Би сакале општината и градоначалникот да најдат сила и средства да ги реализираат препораките во наредниот период и на тој начин им излезат во пресрет на потребите на граѓаните", рече Катерина Стојанова. „Ова ќе ни покаже на нас, граѓаните, дека општината и градоначалникот се отворени за нашите сугестии и нашето учество во креирањето на одлуките", додаде Стојанова.



*Граѓаните му ги дадоа макисималниот број бодови на својот фаворит*

Градоначалникот се согласи дека ова се горливи проблеми и им се заблагодари на граѓаните за нивното посветено учество на форумските сесии што ја покажува нивната желба да бидат активни во решавањето на нивните проблеми. „Општината ќе продолжи да бара нови фондови за да може да ги реализира препораките што и ги упативте вие, граѓаните на Чешиново-Облешево", додаде тој. Пред крај на сесијата беше формирана работна група која ќе го следи спроведувањето на проектот и на препораките.